У-5.бр.928/2021
У-5.бр.943/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Елмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ – Скопје, преку полномошник адвокат Филип Камчев од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-539/6 од 19.05.2021 година, а во врска со барањето за донесување на времна мерка за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-539/6 од 19.05.2021 година, за избор на најповолна понуда, на одржаната јавна расправа, во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Филип Камчев од Скопје а во отсуство на уредно викан тужениот орган, како и во присуство на овластен претставник на заинтересирано лице Агенција за обезбедување на имот и лица 2СС ДООЕЛ – Кичево, Ненад Николовски од Скопје, на ден 27.07.2021 година, ја донесе, а на 29.07.2021 година ја објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ – Скопје, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-539/6 од 19.05.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е
- за времена мерка -

Барањето на тужителот СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ – Скопје, за донесување на времена мерка за одлагање на извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-539/6 од 19.05.2021 година, на начин што ќе го одложи извршувањето на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-539/6 од 19.05.2021 година до донесувањето на правосилна судска одлука, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

III
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение бр.09-539/6 од 19.05.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на тужителот СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ – Скопје изјавена против Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.0507-821/1 од 28.04.2021 година, донесена по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.04505/2021 за набавка на услуги – обезбедување на имот и лица

во АЕК на договорниот орган Агенција за електронски комуникации, со која одлука бил извршен избор на најповолен понудувач.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-539/6 од 19.05.2021 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека во конкретниот случај тужениот орган при одлучувањето го повредил членот 137 став 1 од Законот за јавните набавки и член 88 став 4 од Законот за општата управна постапка, со тоа што во образложението на оспореното решение не се произнел по сите жалбени наводи и не ги образложил јасно и прецизно причините поради кои е донесена оспорената одлука, како и решителните факти и околности врз основа на кои се раководел при одлучувањето. Истакна и дека предвидените критериуми и услови наведени во Тендерската документација за докажување на економската и финансиска состојба, доведуваат до дискриминација и ограничување на конкуренцијата помеѓу економските оператори, што во конкретниот случај и е сторено, дотолку повеќе што во конкретниот случај во постапката учествувале 3 економски оператори од кои само еден (избраниот понудувач) ги исполнувал. Имено се работи за предвидените услови и критериуми за докажување на економската и финансиската состојба предвидени во точката 5.3.2.2 од Тендерската документација, посебно условот за обезбедување на Извештај за биланс на состојба и податоци од Билансот на успех за 2019 година, кое нешто е во насока на ограничување на конкуренцијата.Тужбата е заведена под У-5.бр.928/2021. Тужителот со тужбата истакна и посебно барање за времена мерка, да се одложи од извршување Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-539/6 од 19.05.2021 година, до носење на конечна одлука од страна на Управниот суд. Во барањето е наведено дека со извршувањето на оспореното решение сега тужителот ќе трпи штети. Барањето за издавање на времена мерка е заведена под У-5.бр.943/2021.

Туженот орган не достави одговор на тужба до денот на одржувањето на јавната расправа иако покана за одговор е уредно пратена заедно со поканата за јавна расправа, а видно од повратницата чиј прием е потврден на 21.07.2021 година

Заинтересираното лице Агенција за обезбедување на имот и лица 2СС ДООЕЛ – Кичево достави одговор на тужба бр. 0306-367/1 од 22.07.2021 година примен во Судот на 23.07.2021 година и наведе дека тужбата со барањето за донесување на времена мерка се неоснована со предлог истите да бидат одбиени.

Јавната расправа закажана за 27.07.2021 година се одржа во присуство на тужителот и на полномошникот на тужениот, согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

На одржаната расправа полномошникот на тужителот остана во целост кон тужбата тужбата и наводите сите докази кои што се приложени, со предлог истата да се уважи, а по однос на времена мерка предложи да усвои барањето за донесување онака како што е наведено во предлогот.

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-539/6 од 19.05.2021 година, Оглас за јавна набавка со Отворена постапка бр.04505/2021 за набавка на услуги

– обезбедување на имот и лица во АЕК на договорниот орган Агенција за електронски комуникации, со која одлука бил извршен избор на најповолен понудувач, Одговор на тужба од заинтересирано лице Агенција за обезбедување на имот и лица 2СС ДООЕЛ – Кичево бр. 0306-367/1 од 22.07.2021 година примен во Судот на 23.07.2021 година, извадопк од тендерска документација на АЕК бр.12152/20 страна 13 и извадок од тендерска документација на АЕК бр.17305 страна 13. Судот претходно извршил увид во Електронскиот систем за јавни набавки во досието за предметната јавна набавка по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.04505/2021 за набавка на услуги – обезбедување на имот и лица во АЕК на договорниот орган Агенција за електронски комуникации, со која одлука бил извршен избор на најповолен понудувач.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Агенција за електронски комуникации спровел постапка за јавна набавка преку Оглас за јавна набавка со Отворена постапка бр.04505/2021 за набавка на услуги – обезбедување на имот и лица во АЕК, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.05-2021-04505/01/1 од 18.03.2021 година. Постапката била неделива и била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН, во која како критериум за избор била предвидена економски најповолната понуда како најдобар сооднос меѓу цена (50 бодови) и квалитет (50 бодови) на услугите – предмет на набавката и ќе заврши без спроведување на Е-аукција, а од понудувачите било побарано да доставаат документ за регистрирана дејност, како и Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (10%). Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 21.04.2021 година пристигнале вкупно 3 (три) понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отварањето на понудите бр.05-2021-04505/17/1 од 21.04.2021 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите, како и по извршената евалуација на понудите, врз основа на Извештајот од спроведена постапка, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор 2СС ДООЕЛ – Кичево, по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.0507-821/1 од 28.04.2021 година.

Против оваа одлука, економскиот оператор СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ – Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-539/6 од 19.05.2021 година ја одбила како неоснована, со образложение дека предвидените услови и критериуми за избор на најповолен понудувач од Тендерската документација биле во согласност со Законот за јавните набавки, а доколку жалителот – сега тужител сметал дека одредени услови и критериуми се дискриминаторски и доведуваат до ограничување на конкуренцијата помеѓу економските оператори или пак доколку постоело несоодветно одговарање на поставените прашања или барања за појаснување или измени на документацијата, имал можност за тоа да

поднесе жалба согласно членот 143 став 1 точка 1 или точка 2 од Законот за јавните набавки.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 81 од Законот за јавни набавки, се уредени прашањата поврзани со содржината на тендерската документација т.е. барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Согласно членот 82 ставови 1, 2 и 3 в.в. ставови 6 и 8 од Законот за јавните набавки, предметот на набавката се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган, додека описот на предметот на набавката содржи технички спецификации кои се утврдуваат во тендерската документација и кои мора да им обезбедат на сите економски оператори еднаков пристап до постапката за јавна набавка и не смеат неоправдано да ја попречуваат пазарната конкуренција војавните набавки. Исто така договорниот орган не смее да дефинира технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство, изведба, определен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло на стоки со цел фаворизирање или елиминирање определени економски оператори или определени стоки.

Согласно членот 109 став 7 в.в. став 6 од Законот за јавните набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, така што неприфатливите понуди нема да бидат евалуирани.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно членот 143 став 1 точки 1 и 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019), во отворената постапка жалба се изјавува во рок од 10 дена

од денот на објавување на огласот за јавна набавка во однос на содржината на огласот или тендерската документација или пак од денот на отварање на понудите во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога со оспореното решение ја одбил како неоснована жалбата на економскиот оператор СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ – Скопје, со образложение дека предвидените услови и критериуми за избор на најповолен понудувач од Тендерската документација биле во согласност со Законот за јавните набавки, а доколку жалителот – сега тужител сметал дека одредени услови и критериуми се дискриминаторски и доведуваат до ограничување на конкуренцијата помеѓу економските оператори или пак доколку постоело несоодветно одговарање на поставените прашања или барања за појаснување или измени на документацијата, имал можност за тоа да поднесе жалба согласно членот 143 став 1 точка 1 или точка 3 од Законот за јавните набавки.

Горе наведеното како резултат на фактот што имајќи го предвид видот на постапката за избор на најповолна понуда и содржината на Тендерската документација, како и одредбите за спроведување на постапката, Судот смета дека во конкретниот случај евалуацијата на пристигнатите понуди била реализирана согласно утврдените услови и критериуми во Тендерската документација, додека пак по однос на жалбените наводи кои претставуваат и тужбени наводи во конкретниот случај во врска со содржината на тендерската документација или пак евентуалното несоодветно одговарање на поставените прашања од страна на договорниот орган, Судот утврди дека правилно констатирал тужениот орган дека ваквите жалбени наводи се ненавремени согласно членот 143 став 1 точки 1 и 3 од Законот за јавните набавки.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот најде дека тужениот орган правилно констатирал дека конкретната постапка за избор на најповолна понуда била спроведена согласно Законот за јавните набавки, додека евалуацијата на понудите, како и изборот на најповолна понуда биле спроведени согласно дадените услови и критериуми во Тендерската документација и позитивната законска и подзаконска регулатива од конкретната област.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, од причини наведени во образложението на оваа одлука.

Во однос на барањето на полномошникот за надомест на трошоците вио постапката и тоа за состав на тужба по АТ, во износ од 7.000,00 денари плус 30% паушал или се во износ од 9.100,00 денари, на име такса за тужба износ од 480,00 денари и такса за пресуда во износ од 800,00 денари или се во вкупен износ од 10.380,00 денари, Судот одлучи како во изреката од решението, односно барањето за надомест на трошоците во управно – судската постапка на тужителот го одби како неосновано, согласно членот 86 од Законот за управни спорови, имајќи го предвид резултатот од постапката.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови.

Судот постапувајќи по Барањето на тужителот за определување на времена мерка, врз основа на списите приложени кон тужбата и предлогот, а имајќи ги во вид и наводите од одржаната јавна расправа, најде дека истото е неосновано, поради следното:

Согласно одредбата од член 28 став 1 и 2 од Законот за управните спорови („Сл.весник на Република Македонија“ бр.96/2019), тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено. По барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањетоне му е спротивно на јавиот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, судот може да го одложи извршувањето.

Согласно одредбата од член 29 став 1 и став 5 од истиот закон, судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета. На барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот, мора во согласност со начелото на пропорциналност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица.

Имено, по извршениот увид во предметот, Судот најде дека не се исполнети условите за определување на времена мерка соглсно одредбите од член 28 став 2 и член 29 став 5 од Законот за управните спорови. Имено, по оценка на овој суд, а од смислата и содржината на претходно цитираните одредби од Законот за управните спорови, произлегува дека со институтот времена мерка во судската постапка на тужителот му се дава можност, до донесување на одлука по тужбата, од судот да побара донесување на времена мерка со која ќе се одложи извршувањето на управниот акт само во случаевите кога надлежниот орган што го донел актот пристапи кон негово извршување и доколку кумулативно се исполнети условите предвидени во претходно цитираните законски одредби. При оценка на кумулативната исполнетост на трите предвидени услови со претходно споменатата одредба од член 29 став 5 од Законот за управните спорови, Судот врз основа на приложениот докази кон Барањето за донесување на времената мерка, оцени дека во конкретниот случај не се исполнети условите за нејзино донесување. Имено, тужителот не го стори веројатно настапувањето на ненадоместливата штета кога не доставија докази на ова околност поради што и не може да се утврди видот, обемот, височината и карактерот на штетата за која тужителот смета дека ќе ја претрпи во конкретниот случај. Оттука, Судот најде дека не се исполнети погоренаведените услови и не постои основ за усвојување на поставено барање на тужителиот за донесување на времената мерка со оглед дека тужителот не достави докази дека со извршувањето на решението ќе трпи ненадоместлива штета која тешко ќе може да се поправи, и со ниту еден доказ не стори веројатно дека донесувањето на времената мерка не би било спротивно на јавниот интерес.

Судот одлучи како во изреката од решението согласно член 29 став 2 од Законот за управните спорови, од причина што истото е неосновано, поради фактот што тужбата е одбиена и оспореното решение е потврдено, а со тоа и конечно, имајќи ги предвид одредбите од членот 160 став 4 в.в. член 167 став 7 од Законот за јавните набавки, поради што имајќи го предвид фактот што конкретната постапка за избор на најповолна

понуда била спроведена согласно Законот за јавните набавки, се констатираше и дека не се исполнети кумулативно условите од членот 29 став 5 од Законот за управни спорови за донесување на решение за времена мерка.

Согласно наведеното, Судот во поглед на посебното барање кон тужбата, одлучи како во изреката од решението, а согласно член 29 ставови 2 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 27.07.2021 година под У-5.бр.928/2021, У-5.бр.943/2021.

Записничар – раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на советот – Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Одлуката да се достави до:
- тужител преку полномошник
  адвокат Филип Камчев од Скопје
- тужен орган
- заинтересирано лице
  Агенција за обезбедување на имот и лица
  2СС ДООЕЛ – Кичево

Претседател на совет-Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

Република Северна Македонија * Управен суд * Скопје

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
1